**20250030024**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА**

Се прогласува Законот за стручно обазование и обука,
што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 27 декември 2024 година.

Бр. 08-6443/1
27 декември 2024 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши** с.р.

# ЗАКОН ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Предмет на Законот

Член 1

Со овој закон се уредуваат организирањето, структурата и управувањето на системот на стручното образование и обука.

### Употреба на родово чувствителен јазик

Член 2

Изразите кои во овој закон се користат во граматички машки род се неутрални и се однесуваат на лицата и од машки и од женски пол.

### Дефиниции

Член 3

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1) Стручно образование е дел од системот на образованието кој обезбедува индивидуален развој на личноста преку стекнување знаења, вештини и компетенции во одреден сектор, неопходни за вклучување на пазарот на трудот или продолжување на образованието;

2) Обука е збир на активности за стекнување знаења, вештини и компетенции;

3) Дуално образование е модел на стручно образование каде што образовните процеси задолжително се реализираат на две места: во установа за стручно образование и обука и кај работодавач;

4) Установа за стручно образование и обука е установа чија претежна дејност е стручното образование и обука;

5) Работодавач е правно лице или физичко лице регистрирано како трговец поединец или занаетчија, верификуван за изведување на практично образование, кое го изведува како дел од стручното образование, според тековните услови на нивната дејност, при што практичното образование не претставува негова претежна дејност;

6) Стандард на занимање е документ кој го одредува потребното знаење, вештини и компетенции кои поединецот треба да ги поседува за да биде способен да изведува работни задачи, должности и активности во рамките на занимањето;

7) Модул е независна единица на учење која претставува заокружена целина или дел од наставна програма и вообичаено може да биде задолжителен, ко-задолжителен, условен и изборен;

8) Инклузивно образование е процес кој ги зема предвид различните индивидуални потреби за развој на учениците, давајќи еднакви можности за остварување на основните човекови права за развој и квалитетно стручно образование и обука;

9) Наставен план е документ со кој се определуваат и дефинираат: структурата на воспитно-образовната работа, обемот на застапеност на одделни видови воспитно-образовна работа, редоследот на изучување, временската ангажираност на учениците и бројот на кредити на ниво на наставен предмет, година и квалификација;

10) Наставна програма е документ кој го одредува обемот и содржината на наставата за одреден предмет, целите на наставната програма, модуларните единици со резултати од учење, активности и методи, стандарди за оценување, материјално-технички и просторни услови, норматив за наставен кадар и оценување на постигнувањата на учениците;

11) Испитна програма е јавен документ врз основа на кој се спроведува испит и каде се дефинирани знаењата, вештините и способностите за одреден наставен предмет или модул, кои учениците/учесниците (во натамошниот текст: учениците) ги стекнуваат и развиваат во текот на образованието, а треба да ги докажат за време на реализацијата на испитот;

12) Практично образование е збир на активности за стекнување знаења, вештини и компетенции, кое се организира како учење преку работа, феријална практика кај работодавач и обука во установа за стручно образование и обука;

13) Учењето преку работа (УПР) е процес на учење кој се одвива кога учениците извршуваат работни задачи во реална работна средина;

14) Феријална практика е вид на практично образование кај работодавач, кое се реализира за време на училишниот распуст;

15) ЕКССОО е кратенка за европскиот кредит систем за стручно образование и обука (European Credit System for Vocational education and Training -ECVET) и

16) МКСОО е кратенка за македонскиот кредит систем за општо образование за кредитите во основното образование, гимназиското образование и општо-образовните модули/предмети во стручното образование и обука и уметничкото образование.

**Опфат на стручното образование и обука**

Член 4

(1) Стручното образование и обука опфаќа:

1) стручно образование и обука како дел од средното образование овозможува стекнување на (II) второ, (III) трето и (IV) четврто ниво на образовни квалификации, согласно со Законот за Националната рамка на квалификации и

2) постсредно образование и обука како интегрален дел од стручното образование овозможува стекнување на VБ (петто Б) ниво на квалификации согласно Законот за Националната рамка на квалификации.

(2) Стручното образование и обука може да се организира и како дуално образование.

**Цели на стручното образование и обука**

Член 5

(1) Основна цел на стручното образование и обука е стекнување знаења, вештини и компетенции за (II) второ, (III) трето, (IV) четврто и VБ (петто Б) ниво на образовни квалификации од секторите во Македонската рамка на квалификации (во натамошниот текст: МРК).

(2) Специфични цели на стручното образование и обука се да:

1) обезбеди квалитетно и инклузивно образование во согласност со современите достигнувања на науката и технологијата,

2) овозможи на учениците стекнување квалификации за учество на пазарот на трудот,

3) создаде услови за стекнување и надградување на соодветни нивоа на квалификации во согласност со потребите на пазарот на трудот,

4) овозможи избор на различни наставни планови, наставни програми и испитни програми, да обезбедува основа за нивниот иден професионален и кариерен развој и да поттикне можности за вработување,

5) овозможи на учениците активно да бидат вклучени во демократското општество,

6) одговори на потребите на пазарот на трудот за квалификации земајќи ги предвид техничко-технолошките достигнувања, развојот во секторите, организацијата на работното место, како и да поттикнува иновативност и креативност,

7) поттикнува интерес за образование и обука во контекст на доживотно учење,

8) развива свесност за почитување на заемните права и обврски меѓу ученикот и работодавачот и да им овозможи вклучување на учениците во реално работно опкружување и

9) развива свесност кај учениците за важноста на здравјето и безбедноста на работното место.

**Инклузија во стручното образование и обука**

Член 6

(1) Инклузија, во смисла на овој закон, подразбира дека установата за стручно образование и обука, по препорака на училишниот инклузивен тим, а во согласност со индивидуалниот образовен план (во натамошниот текст: ИОП) или модифицираната програма за ученик со комплексни потреби (во натамошниот текст „модифицирана програма") и со согласност на родителот, односно старателот на ученикот и самиот ученик, може да одлучи делот од практичното образование кое треба да се реализира кај работодавач да се реализира во училиштето или во регионалните центри за стручно образование и обука кои ги нудат соодветните квалификации, согласно проценката за попреченост од системот за проценка на лица со попреченост.

(2) Установата разумно ги прилагодува просторот и опремата во училниците, работилниците/кабинетите за практично образование за да обезбеди пристап, учество и безбедност на учениците со попреченост, како и наставниот материјал согласно со ИОП, односно со модифицираната програма.

(3) Работодавачот, во договор со установата, односно училишниот инклузивен тим, прави разумно прилагодување на работното место и обезбедува неопходна средина за реализација на практичното образование за учениците со попреченост.

(4) Училишниот инклузивен тим организира обука и му обезбедува поддршка на менторот кај работодавачот за работа со ученикот со попреченост.

(5) За инклузијата во стручното образование и обука соодветно се применуваат одредбите од Законот за средното образование.

## II. СИСТЕМ НА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

### Установи за стручно образование и обука

Член 7

(1) Стручното образование и обука, согласно овој закон, се реализира во установи за стручно образование и обука.

(2) Установи за стручно образование и обука се:

1) средно училиште во кое се реализира стручно образование и обука и

2) установа за постсредно образование.

### Вклучување на ученици во стручно образование и обука и нивоа на квалификации

Член 8

(1) Во стручно образование за квалификации од II (второ) ниво од Македонската рамка на квалификации (во натамошниот текст: МРК), се вклучуваат ученици кои завршиле основно образование односно I (прво) ниво од МРК.

(2) Во стручно образование за квалификации од II (второ) ниво од МРК можат да се вклучат и вонредни ученици со завршено најмалку шесто одделение од осумгодишното, односно седмо одделение од деветгодишното основно образование, со обврска истовремено да се стекнат со основно образование, најдоцна до моментот на стекнување на квалификацијата од II (второ) ниво од МРК.

(3) Со завршувањето на стручно образование за квалификации од II (второ) ниво од МРК учениците се стекнуваат со 60 или со 120 ЕКССОО кредити, што е во согласност со II (второ) ниво на Европската рамка на квалификации (во натамошниот текст: ЕРК).

(4) Учениците со стекната квалификација од II (второ) ниво од МРК се вклучуваат на пазарот на труд или своето образование можат да го продолжат во соодветно стручно образование за III (трето), IV (четврто) или VБ (петто Б) ниво од МРК, за образование за мајстор.

(5) Во стручно образование за квалификации од III (трето) ниво од МРК се вклучуваат ученици кои завршиле основно образование, односно I (прво) ниво од МРК.

(6) Со завршувањето на стручно образование за квалификации од III (трето) ниво од МРК, учениците се стекнуваат со 180 ЕКССОО кредити, што е во согласност со III (трето) ниво на ЕРК.

(7) Учениците со завршено стручно образование за квалификации од III (трето) ниво од МРК се вклучуваат на пазарот на труд или можат своето образование да го продолжат во стручно образование за квалификации од IV (четврто) или VБ (петто Б) ниво од МРК, што е во согласност со IV (четврто) односно V (петто) ниво од ЕРК.

(8) Во стручно образование за квалификации од IV (четврто) ниво од МРК се вклучуваат ученици кои завршиле основно образование, односно I (прво) ниво од МРК.

(9) Со завршувањето на стручно образование за квалификации од IV (четврто) ниво од МРК, учениците се стекнуваат со 240 ЕКССОО кредити, што е во согласност со IV (четврто) ниво на ЕРК.

(10) Учениците со завршено стручно образование за квалификации од IV (четврто) ниво од МРК се вклучуваат на пазарот на труд или можат своето образование да го продолжат во образование за квалификации од V (петто) ниво или VI (шесто) ниво од МРК, што е во согласност со V (петто) односно VI (шесто) ниво од ЕРК.

**Хоризонтална и вертикална проодност на учениците во стручното образование и обука**

Член 9

(1) Учениците можат да преминуваат од еден во друг вид на квалификација од исто ниво (хоризонтална проодност) и од едно во друго ниво на квалификации од II (второ), III (трето) и IV (четврто) ниво во стручното образование и обука (вертикална проодност).

(2) При преминување од едно во друго ниво од ставот (1) на овој член, се врши признавање на ЕКССОО кредитите на образовните програми од пониското ниво согласно нивната соодветност со образовните програми од повисокото ниво.

(3) При премин на квалификациите од ставот (1) на овој член, ученикот полага дополнителни испити.

(4) Начинот на преминување на учениците од еден во друг вид на квалификација од исто ниво (хоризонтална проодност) и од едно во друго ниво на квалификации од II (второ), III (трето) и IV (четврто) ниво во стручното образование и обука (вертикална проодност), го пропишува министерот за образование и наука (во натамошниот текст: министерот), на предлог на Бирото за развој на образованието (во натамошниот текст: Бирото) и Центарот за развој на стручното образование (во натамошниот текст: Центарот).

(5) Висината на трошоците за полагање на испитите од став (3) од овој член, ја утврдува министерот во износ на реално направените трошоци.

**Наставни планови, наставни програми и испитни програми**

Член 10

(1) Со наставните планови (во натамошниот текст: плановите), за стручно образование се уредуваат наставните подрачја, модулите и предметите со кредитна вредност.

(2) Плановите за сите нивоа на стручно образование и обука за јавните установи за стручно образование и обука ги утврдува министерот, на предлог на Бирото и Центарот.

(3) Плановите за сите нивоа на стручно образование и обука за приватната установа за стручно образование и обука ги утврдува министерот, на предлог на основачот, а по претходно добиена согласност од Бирото и Центарот.

(4) Наставните програми (во натамошниот текст: програмите) се изработуваат според модел на програми кој на предлог на Бирото и Центарот, го утврдува министерот.

(5) Програмите за општообразованите предмети во стручното образование и обука, на предлог на Бирото, ги утврдува министерот.

(6) Програмите за стручните предмети во стручното образование и обука ги утврдува министерот, на предлог на Центарот.

(7) Испитните програми за стручните предмети во стручно образование и обука, ги утврдува министерот, на предлог на Центарот во соработка со Државниот испитен центар.

(8) Испитните програми за општообразовните предмети во стручното образование и обука, ги утврдува министерот, на предлог на Бирото и Центарот, во соработка со Државниот испитен центар.

**Испити на крајот од стручното образование и обука**

Член 11

(1) На крајот на стручното образование и обука се полагаат испити согласно со Законот за средното образование.

(2) Учениците кои положиле испити на крајот на стручното образование и обука, можат да го продолжат своето образование или да се вклучат на пазарот на трудот, согласно Законот за средното образование и Законот за високото образование*.

**Натпревари за учениците**

Член 12

(1) Министерството за образование и наука (во натамошниот текст: Министерството), во соработка со Центарот, може да организира натпревар за најдобар ученик во секторот од завршните години на образованието во стручното образование.

(2) На ученикот кој освоил прво место на натпреваротот од ставот (1) на овој член и на наставникот кој го подготвувал ученикот за натпреваротот, Министерството поединечно им доделува парична награда во износ до 50%, од просечната нето-плата исплатена по работник во Републиката во последната година пред доделувањето на натпреваротот.

(3) Начинот на организирање на натпреваротот за најдобар ученик од став (2) на овој член го утврдува министерот, на предлог на Центарот.

**Јавни исправи, педагошка документација и евиденција и во средно стручно образование**

Член 13

(1) За стекнато стручно образование за квалификации од II (второ), III (трето), односно IV (четврто) ниво согласно МРК, се издаваат диплома и додаток на диплома, кои имаат карактер на јавни исправи.

(2) За реализација на учење преку работа кај работодавач и феријална практика, во установите за стручно образование и обука во коишто се изведува практично образование за учениците, се води дневник за учење преку работа. Дневникот за учење преку работа е педагошка евиденција во стручното образование и обука.

(3) Педагошката документација и евиденцијата и јавните исправи за средното стручното образование и обука се уредуваат, водат и издаваат согласно овој закон и Законот за средното образование.

(4) Начинот на водењето, формата и содржината на педагошката евиденција од став (2) на овој член, ги пропишува министерот, на предлог на Центарот.

## III. ДУАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ

### Принципи на дуално образование

Член 14

Принципи на дуалното образование се:

1) Партнерство помеѓу установа за стручно образование и обука и работодавач, преку задолжителна реализација на практично образование, со јасна поделба на одговорностите на чинителите во процесот и

2) Флексибилност преку слобода на работодавачот и установата во дефинирање на содржината, времето и начинот на стекнување на компетенции.

### Реализација на дуално образование

Член 15

(1) Стручното образование од II (второ), III (трето), IV (четврто) и VБ (петто Б) ниво на квалификации може да се реализира преку дуално образование.

(2) На предлог на Центарот и Бирото, а во соработка со работодавачите, министерот утврдува модел на наставен план за дуално образование за нивоата од став (1) на овој член.

(3) Практичното образование не смее да се реализира во период од 22:00 часот до 6:00 часот наредниот ден.

### Поднесување иницијатива

Член 16

(1) Иницијатива за реализација на наставен план, наставна програма и испитна програма за одредена квалификација со примена на дуално образование (во натамошниот текст: иницијативата), може да поднесе работодавач, установа за стручно образование и обука, општина/град Скопје, коморите, социјалните партнери или друга заинтересирана страна, во која треба да биде образложена потребата од нова квалификација или прилагодувањето на постојна квалификација.

(2) Доколку иницијативата ја поднесува субјект од ставот (1) на овој член, а кој не е работодавач, во иницијативата мора да обезбеди учество на работодавач.

(3) Подносителот на иницијативата, со поднесувањето на иницијативата, доставува и Изјава за сериозност од работодавачот, со која работодавачот се обврзува да учествува во дуалното образование доколку иницијативата биде прифатена и биде отпочнато со реализација на дуално образование.

(4) Содржината и формата на Изјавата за сериозност од работодавачот и упатството за нејзино пополнување, ги утврдува министерот, на предлог на Центарот.

(5) Иницијативата се доставува на мислење до Центарот, кој се произнесува по иницијативата во рок од 30 дена од денот на нејзиниот прием.

(6) Инцијативата за која Центарот дал позитивно мислење, се доставува на одобрување на Министерството, кое се произнесува во рок од 30 дена од денот на нејзиниот прием.

(7) При давање мислење за оправданоста на иницијативата, Центарот ги зема предвид следните основни критериуми:

1) потреба од квалификација на пазарот на трудот во планскиот регион,

2) финансиско влијание врз средствата на установата за стручно образование и обука,

3) човечки ресурси во установата за стручно образование и обука и кај работодавачот и

4) можноста за проширување на иницијативата за соработка на други установи за стручно образование и обука и со други работодавачи.

(8) Начинот на поднесувањето и содржината на иницијативата, како и поблиските критериуми за давање мислење за иницијативата за дуално образование, ги пропишува министерот, на предлог на Центарот.

**Постапување по одобрена иницијатива**

Член 17

(1) Одобрената иницијатива станува дел од конкурсот за запишување на учениците во јавните средни училишта, во првата наредна учебна година.

(2) За одобрената иницијатива за која не е подготвен стандард на занимање, стандард на квалификации, односно наставен план, наставна програма и испитна програма или се подготвени само дел од наведените документи, Центарот е должен да ја докомплетира документацијата, најдоцна до 31 декември во тековната календарска година, за наредната учебна година, согласно овој закон.

**Начин на запишување на ученици во дуално образование**

Член 18

(1) Запишувањето на учениците во дуалното образование се врши врз основа на конкурсот за запишување на учениците во јавните средни училишта.

(2) Бројот на ученици од ставот (1) на овој член, кои се запишуваат во наредната учебна година во општинските средни училишта, односно средните училишта на градот Скопје, се определува по доставен предлог од општината, односно градот Скопје врз основа на склучен меморандум од членот 22 став (1) точка 1) од овој закон.

(3) Бројот на ученици од ставот (1) на овој член, кои се запишуваат во наредната учебна година во регионалните центри за стручно образование и обука (во натамошниот текст „регионалните центри“), се определува по доставен предлог од регионалните центри.

(4) Бројот на ученици во паралелка не може да биде помал од 12 ученици и поголем од бројот утврден во Законот за средното образование.

(5) Доколку е помал бројот на ученици, а е од посебен интерес за секторот, основачот/регионалните центри бара согласност од Министерството, за формирање на паралелка со помал број на ученици.

(6) Посебниот интерес за секторот од став (5) на овој член, се утврдува согласно анализите на пазарот на трудот, кои ги изготвува Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија.

## IV. УЧЕНИЦИ ВО СРЕДНОТО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

**Права и обврски на учениците во практичното образование**

Член 19

(1) Ученикот има право на:

1) Образување во соодветни услови за успешно постигнување на целите и резултатите од учење предвидени во програмите за практично образование;

2) инклузивно образование според препораките дадени во проценка за попреченост согласно системот за проценка на лица со попреченост;

3) заштита од секаков облик и вид на дискриминација согласно со Законот за спречување и заштита од дискриминација (*);

4) финансиски надомест на начин и во износ согласно со договорот од членот 23 став (1) од овој закон;

5) заштита и безбедност при работа и

6) други права утврдени со закон.

(2) Ученикот има обврска:

1) редовно и активно да учествува во процесот на практично образование,

2) да соработува со менторот и вработените вклучени во практичното образование,

3) да ги почитува и исполнува неговите задачи определени со закон и со договорот од членот 23 став (1) од овој закон,

4) да се однесува одговорно кон средствата и опремата на работодавачот,

5) да ги почитува мерките за безбедност и заштита при работа,

6) навремено да ги исполнува обврските доделени од страна на работодавачот при реализацијата на практично образование и

7) да исполнува други обврски утврдени со закон и договорот за практично образование.

**Права и обврски на работодавачите вклучени во практичното образование**

Член 20

(1) Работодавачот има право:

1) да учествува во планирањето на процесот на реализацијата на практичното образование,

2) да покрене иницијатива за соработка со установа за стручно образование и обука за реализација на дуално образование,

3) да учествува во изработка на нови или прилагодување на постојни квалификации и изготвување на потребна документација за стручно образование и обука, како и за дуално образование, заедно со установата за стручно образование и обука,

4) да учествува во планирањето на процесот на реализацијата на практичното образование на учениците вклучени во дуално образование (распоред на часови/периоди за практичното образование соодветно на спецификите на работодавачот/секторот) и феријалната практика на учениците,

5) да ги вклучи учениците во работните процеси со цел постигнување на резултати од учење утврдени во наставните програми,

6) да се стекне со финансиски, царински, даночни олеснувања и други придобивки согласно закон, доколку работодавачот е вклучен во практичното образование на ученици во дуалното образование,

7) да обезбеди дополнителни здравствени прегледи за учениците кои реализираат практично образование, доколку работното место на кое ученикот го реализира практичното образование тоа го бара,

8) да се вклучи во реализација на наставата во установата за стручно образование и обука и

9) да ги вклучи наставниците во обуки кои се поврзани со практичните вештини на учениците, а се стекнуваат кај работодавачот.

(2) Работодавачот има обврска:

1) да обезбеди услови за постигнување на целите и резултатите од учење предвидени во програмите за практичното образование,

2) да склучи меморандум со установата за стручно образование и обука и да го достави до својата комора, односно до комора која води ваква евиденција доколку не е член на комора,

3) да склучи договор со установата за стручно образование и обука и со ученикот/ родителот, односно старателот, за реализација на практичното образование,

4) да обезбеди ментори,

5) да се верификува за реализација на практично образование,

6) да се грижи за редовност на ученикот во практичното образование и исполнување на работните обврски и да води евиденција за редовност на ученикот,

7) во дуалното образование да обезбеди надоместок за ученикот во согласност со овој закон,

8) да обезбеди остварување на правото на заштита и безбедност при работа на ученикот за време на практичното образование кај работодавачот во согласност со прописите од областа на безбедност и здравје при работа,

9) да му овозможува на наставникот да ја следи реализацијата на практичното образование и увид во документацијата поврзана со работното место и увид на работното место на кое е распределен ученикот,

10) Во дуалното образование да обезбеди превоз на ученикот од училиштето, односно ученичкиот дом до работното место доколку истото е оддалечено повеќе од 2.5 км од училиштето, односно ученичкиот дом,

11) да подготви и прилагоди работни места и да овозможи услови и материјали за постигнување на резултатите согласно со програмата за практично образование на учениците,

12) да го штити ученикот од секаков вид злоупотреба за време на реализација на практичното образование кај работодавачот,

13) да учествува во проверката на практични вештини и знаења на учениците,

14) да обезбеди услови за реализација на практичниот дел од испитите на учениците,

15) да овозможи остварување на правата на ученикот кои му припаѓаат согласно прописите од областа на работните односи и

16) други обврски утврдени со закон.

**Посебни обврски за исплата на надомест на ученикот при дуално образование**

Член 21

(1) Работодавачот во дуалното образование има обврска во договорот од членот 23 став (1) од овој закон, да утврди месечен надомест во корист на ученикот, во висина од најмалку 6% во втора година, 9% во трета година и 12% во четврта година од просечната нето-плата исплатена по работник во Републиката во претходната година.

(2) Надоместокот за ученикот од ставот (1) на овој член, се исплаќа пропорционално на времето поминато на практично образование.

(3) Надоместокот за практичното образование на ученикот, работодавачот е должен да го исплати најдоцна до 15 во тековниот месец за претходниот месец.

(4) По исклучок од ставовите (1), (2) и (3) на овој член, работодавачот во дуалното образование доколку остварува годишен приход до шест милиони денари, може да исплати и помал месечен надомест во корист на ученикот од ставот (1) на овој член, за што доставува писмена изјава до установата за стручно образование и обука.

## Права и обврски на установата за стручно образование и обука вклучена во практичното образование

Член 22

(1) Права на установата за стручно образование и обука се:

1) да потпише меморандум за соработка со работодавач;

2) да покрене иницијатива за соработка со работодавач за реализација на дуално образование, заснована на потребите на работодавачот;

3)да утврдува потреба за упис на ученици во дуално образование според потребите на работодавачот;

4) да покренува иницијатива и учествува во прилагодување на наставен план, наставна програма и испитна програма за квалификација,

5)да ја планира, заедно со работодавачот, реализацијата на практичното образование на учениците и

6) доколку нема соодветен наставник за реализација на стручно образование и/или практичното образование, може во соработка со работодавачот да ангажира лице вработено кај работодавачот за реализација на стручното образование и/или практичното образование, на определено работно време до крајот на учебната година, но не повеќе од десет наставни часа неделно, по претходно добиена писмена согласност од Министерството, согласно Законот за работните односи.

(2)Обврски на установата за стручно образование и обука се:

1)да реализира обука за безбедност и здравје при работа на учениците, пред започнување на реализација на практичното образование кај работодавач;

2)да определи координатор за практично образование од редот на наставниците кои се вработени на неопределено работно време. Координаторот за практично образование е одговорен за организацијата и управувањето со практичното образование кај работодавач и врши координација помеѓу учениците и наставниците на работно место;

3)да организира осигурување за учениците за целиот период поминат во установата и периодот поминат во практично образование кај работодавачот;

4)во соработката со работодавачот да обезбеди превоз на ученикот за реализација на практичното образование доколку местото на живеење/ученички дом/училиштето е на оддалеченост поголемо од 2.5 км;

5)да обезбеди безбедни работни услови во рамките на процесот на практично образование,

6)да склучува договори за практично образование со работодавачот и ученикот и да ги исполнува обврските од договорот за практично образование;

7)да води и ажурира база на податоци за склучени договори за практично образование со работодавачот и ученикот;

8)да врши увид во реализацијата на договорите за обука;

9)да им обезбеди на работодавачите навремени информации за тековните изменувања во наставните планови, наставните програми и испитните програми и

10)други обврски утврдени со закон.

(3) Начинот на определувањето на координатор за практично образование од ставот (2) точка 2 на овој член, го утврдува министерот, на предлог на Центарот.

**Договор за уредување на односите помеѓу ученикот, установата и работодавачот**

Член 23

(1) За периодот поминат на практично образование кај работодавач, вклучително и дуално образование, пред започнувањето, се склучува договор со кој се уредуваат правата и обврските на установата за стручно образование и обука, работодавачот и ученикот, а за малолетен ученик договорот го потпишува родителот, односно старателот на ученикот.

(2) Договорот од ставот (1) на овој член, особено содржи: предмет на договорот, правата и обврските на работодавач, правата и обврските на установата за стручно образование и обука, правата и обврските на ученикот/родителот/старателот, времетраење на договорот и услови за раскинување на договорот.

(3) Формата и содржината на договорот од став (1) на овој член, ја утврдува министерот, на предлог на Центарот.

(4) Центарот води база на податоци за склучени договори за практично образование со установата за стручно образование и обука, работодавачот и ученикот.

(5) Базата на податоци од ставот (4) на овој член, е дел од Опсерваторијата на вештини, како информациски систем во кој се води збирка на податоци за учениците, согласно Законот за средното образование.

**Ментор за практично образование кај работодавач**

Член 24

(1) Ментор за практично образование кај работодавач (во натамошниот текст: менторот), е работодавач или лице вработено кај работодавачот, со најмалку три години работно искуство во дејноста, кое има успешно завршено обука за ментор и е определено да му овозможи на ученикот да ја реализира предвидената програма и ги постигне резултатите од учење.

(2) Лицата со положен мајсторски испит не следат обука за ментор, односно со положувањето на мајсторскиот испит тие се запишуваат во Регистарот на ментори за практично образование кај работодавач.

**Обуката за ментор и обука за обучувач на ментор**

Член 25

(1) Обуката за ментор му обезбедува на менторот основни педагошко-психолошки и методски знаења и вештини за работа со ученици.

(2)Обуката за ментор се реализира според Програма за обука на ментори за практично образование, која ја утврдува министерот, на предлог на Центарот.

(3) На лицето кое има успешно завршено обука за ментор, му се издава сертификат и се запишува во Регистарот на ментори за практично образование кај работодавач, кој го води комората во електронска форма и е јавно објавен на интернет страната на комората и кој содржи: име и презиме на менторот, електронска адреса, контакт телефон, име, седиште и дејност на работодавачот на менторот.

(4)Организатори на обука за ментори кај работодавач можат да бидат комориte, регионален центар, кои ги исполнуваат нормативите и стандардите за просторни услови, кадар и опрема за организирање на обуки за ментори, кои на предлог на Центарот, ги утврдува министерот.

(5) Проверка на исполнетоста на нормативите и стандардите од став (4) на овој член, врши Центарот и доставува предлог до министерот.

(6) Министерот, врз основа на предлогот од став (5) на овој член, донесува решение за акредитација на организатор на обука за ментор.

(7) Решението може да се издаде и во форма на електронски документ кој се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(8) Начинот на реализацијата на обуката за ментор, утврдувањето на исполнетоста на нормативите и стандардите за организирање на обука за ментор, како и формата и содржината на сертификатот за завршена обука за ментор, ги утврдува министерот, на предлог на Центарот.

(9) Обучувач на обука за ментор, може да биде лице кое успешно завршило обука за обучувачи на ментори, организирана од коморите, регионален центар за стручно образование и обука и Центарот и се стекнал со сертификат за обучувач на обука за ментор.

(10) Начинот на реализацијата на обуката за обучувач на ментор од ставот (8) на овој член, како и формата и содржината на сертификатот за завршена обука за обучувач на ментор, на предлог на Центарот, ги утврдува министерот.

(11)По исклучок од став (9) на овој член, обучувач на обука за ментор, може да биде и лице кое поседува меѓународно признат сертификат за обучување на ментори.

(12) Средствата за финансирањето на обука на ментори се обезбедуваат од:

1) самиот кандидат за ментор;

2) работодавачот;

3) работодавачот и училиштето како партнери во дуалното образование;

4) национални проекти и програми и

5) од други извори: донации, легати, подароци, фондации и меѓународни проекти.

**Верификација на работодавачите за спроведување на практично образование**

Член 26

(1) Учењето преку работа и феријалната практика се спроведува кај работадавач кој е верифициран согласно членот 27 став (4) од овој закон и во училиштата кои имаат основано реална училишна компанија.

(2) Учење преку работа и феријалната практика во дуалното образование се спроведува само кај работодавач кој е верифициран согласно условите од членот 27 од овој закон.

(3) По исклучок од став (2) на овој член, работодавач кој не е верифициран за извршување на практично образование, може да овозможи остварување на феријална практика, врз основа на договор кој го потпишува со установата за стручно образование и обука и во кој гарантира дека ги исполнува условите предвидени во нормативите и стандардите за верификација и услови при работа од членот 27 став (2) од овој закон.

(4) Реална училишна компанија од став (1) на овој член, е модел на компанија која училиштето ја регистрира како дополнителна дејност согласно образованието кое го реализира училиштето. Во рамките на реалната компанија учениците се стекнуваат, ги испробуваат и продлабочуваат практичните знаења и вештини.

(5) За основање на реална училишна компанија согласност дава основачот на установата за стручно образование и обука, а за регионалните центри согласност дава Министерството.

(6) Реалната компанија остварува приходи, кои се средства на училиштето и се користат на начин кој го пропишува министерот.

### Услови кои треба да ги исполнува работодавачот за да изведува практично образование

Член 27

(1) Општи услови кои треба да ги исполнува работодавачот за да може да изведува практично образование се:

1) да е регистриран за вршење на дејност за која се врши практично образование,

2) да не е отворена стечајна постапка над работодавачот или да не е покрената постапка за ликвидација и

3) најмалку едно лице од вработените кај работодавачот да биде ментор, запишан во Регистарот на ментори за практично образование кај работодавач.

(2) Работодавачите можат да вршат практично образование за ученици, доколку го исполнуваат општиот стандард за опрема и просторни услови за реализација на практично образование на ученици кај работодавач од членот 60 точка 13 од овој закон, и посебните нормативи и стандарди за просторните услови и кадарот согласно наставната програма која се реализира кај нив.

(3) Посебните стандарди за опремата и просторните услови за реализација на практично образование на ученици кај работодавачи ги изготвуваат и донесуваат коморите, во соработка со Центарот, како координатор. Посебните стандарди мора да се исти за сите комори во Република Северна Македонија.

(4) Оценување на исполнетоста на условите и стандардите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член, ја вршат коморите.

(5) Коморите кои ги претставуваат интересите на работодавачите водат Регистар на верификувани работодавачи за практично образование.

(6) Формата, содржината и начинот на водење на Регистарот за верификација на работодавачите за практично образование, ги пропишува министерот, на предлог на Центарот.

(7) Одредбите од ставовите (1), (2), (3), (4), (5) и (6) на овој член, соодветно се применуваат и за работодавачите во дуално образование.

(8) Регистарот на верифицирани работодавачи, коморите го објавуваат на своите интернет страници.

## V. РЕГИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

### Регионален центар за стручно образование и обука

Член 28

(1) Регионалниот центар е установа која се основа како државно средно училиште-регионален центар за стручно образование и обука.

(2) Министерството на својата интернет страница објавува листа на акредитирани регионални центри.

### Основање на регионален центар

Член 29

(1) Регионален центар се основа со одлука на Владата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Владата) на предлог на Министерството, од редот на постојните општински средни училишта/средни училишта на град Скопје, во кои се остваруваат наставни планови и наставни програми за стручно образование и обука, а по претходна согласност од основачот на општинското средно училиште/средно училиште на град Скопје, или како нов регионален центар.

(2) Регионалниот центар од став (1) на овој член, може да се основа и со спојување на две или повеќе општински средни училишта/средни училишта на град Скопје, со одлука која ја донесува Владата.

(3) Кон регионалниот центар, може да се присоедини јавно општинско средно училиште/средно училиште на град Скопје, со одлука која ја донесува Владата.

**Општи услови за основање на регионален центар**

Член 30

Регионален центар, може да се основа, ако:

1) постојат документирани потреби за квалификации на пазарот на труд во државата,

2) се донесени соодветни наставни планови, наставни програми и испитни програми за потребните квалификации,

3) се обезбедени соодветни простории и опрема за остварување на дејноста и други посебни услови кои се утврдени со стандардите и нормативите,

4) со финансиски план е обезбедено одржливо ниво на финансирање и

5) е обезбеден потребен број стручни кадри кои ги исполнуваат условите утврдени за вршење на дејноста и кои ќе засноваат работен однос.

**Примена на прописите за средно образование**

Член 31

За се што не е уредено со овој закон, на регионален центар кој врши дејност на средно стручно образование и обука се применуваат одредбите од Законот за средното образование, Законот за образование на возрасните и Законот за установите, а кои се однесуваат на јавните средни училишта.

**Белези на регионален центар**

Член 32

(1) Регионалниот центар има својство на правно лице.

(2) Регионалниот центар се запишува во Централен регистар на Република Северна Македонија.

(3) Регионалниот центар има свој печат и штембил.

(4)Во средината на печатот е грбот на Република Северна Македонија, а од страната името на Република Северна Македонија и називот и седиштето на регионалниот центар за стручно образование и обука.

(5) На печатот, називот на регионалниот центар е напишан на македонски јазик и неговото кирилско писмо, а во регионалните центри во кои наставата се изведува и на друг јазик и писмо различен од македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, називот на регионалниот центар е напишан на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот и писмото на кој се изведува наставата.

**Статут на регионален центар**

Член 33

(1) Статутот на регионалниот центар го донесува органот на управување на регионалниот центар.

(2) Согласност на статутот од став (1) на овој член, дава Министерството.

(3) Со статутот од став (1) на овој член, особено се уредуваат: организацијата и вршењето на дејноста, називот, седиштето, управувањето и раководењето, правата и обврските на учениците, правата и обврските на вработените и други прашања од значење за работа на регионалниот центар.

(4) По добивањето на согласноста од ставот (2) на овој член, регионалниот центар задолжително го објавува статутот на својата интернет страница.

**Дејности на регионалниот центар**

Член 34

Регионалниот центар ги врши следните дејности:

1) формално образование,

2) образование за возрасни и валидација на неформално образование и искуствено (информално) учење,

3) истражување, развој и иновации,

4) соработка со деловната заедница и деловни односи и

5) вмрежување, меѓународна соработка и промоција.

**Управување и раководење со регионални центри**

Член 35

(1) Орган на управување на регионалниот центар е управниот одбор.

(2) Управниот одбор на регионалниот центар се состои од 11 членови, и тоа: три члена од редот на наставниците во регионалниот центар и три члена од редот на родителите, односно старателите на учениците во регионалниот центар и по еден член од: редот на учениците од завршните години во регионалниот центар, репрезентативната организација на работодавачи, општината/градот Скопје каде е седиштето на регионалниот центар, регионалната комора и претставник од Министерството.

(3) Претставникот од родителите, односно старателите, од репрезентативната организација на работодавачи, од општината/градот Скопје каде е сместен регионалниот центар, од регионалната комора и од Министерството, не може да биде именуван од редот на вработените во регионалниот центар.

(4) Претставниците од родителите, односно старателите на учениците ги именува и разрешува советот на родители, претставниците на наставниците ги именува и разрешува наставничкиот совет на регионалниот центар, претставникот од учениците го именува и разрешува ученичкиот совет, претставникот на Министерството го именува и разрешува министерот, претставникот од организацијата на работодавачи го назначува и разрешува репрезентативната организација на работодавачи, претставникот на општината/градот Скопје го именува и разрешува советот на општината/градот Скопје и претставникот од регионалната комора го именува и разрешува регионалната или комората која ги основала регионалните комори.

(5) Членовите на управниот одбор, освен претставникот од родителите на учениците и претставникот од учениците, се именуваат за период од четири години, со право на уште еден избор.

(6) Претставниците од родителите, односно старателите на учениците и претставникот од учениците се именуваат за периодот до завршувањето на средното образование на нивното дете, односно додека ученикот е со статус на ученик, но не подолго од период од четири години.

(7) Управниот одбор од редот на своите членови избира претседател.

(8) Одлуките на управниот одбор се донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број членови на управниот одбор кои имаат право на учество при гласањето и донесувањето на одлуките.

(9) Управниот одбор својата работа ја уредува со деловник за работа.

**Престанок на мандат**

Член 36

(1) Мандатот на член на управниот одбор може да престане и пред истекот на времето од четири години:

1) по негово барање;

2) со негово отповикување и

3) ако му престане статусот на вработен во регионалниот центар, а истиот е избран во управниот одбор како претставник од регионалниот центар.

(2) Членот на управниот одбор може да биде отповикан ако:

1) неоправдано отсуствувал од три седници последователно;

2) е на издржување казна затвор во траење подолго од шест месеци и

3) е осуден за кривично дело кое го прави недостоен за вршење на својата работа.

**Надлежности на Управниот одбор на регионалниот центар**

Член 37

(1) Управниот одбор на регионалниот центар:

1) го донесува статутот на регионалниот центар;

2) ја предлага за одобрување четиригодишната програма за работа до Министерството, најдоцна до крајот на март за периодот кој започнува со почетокот на наредната учебна година;

3) ја усвојува годишната програма за работа на регионалниот центар која ги опфаќа сите полиња за работа на регионален центар, најдоцна до 30 септември;

4) го поднесува за усвојување годишниот извештај за работа на регионалниот центар до Министерството, најдоцна до 15 септември во тековната, а за претходната учебна година;

5) го усвојува годишниот финансиски план на регионалниот центар;

6) ја усвојува завршната сметка на регионалниот центар;

7) донесува правилник со кој поблиску го уредува начинот на распределба на средствата од сопствените приходи, согласно со членот 44 став (6) од овој закон;

8) ги одобрува договорите со правни и физички лица на предлог на директорот на регионален центар;

9) го изработува предлогот за уписна политика кој го доставува до Министерството;

10) ги донесува актите за кои регионалниот центар е надлежен согласно закон;

11) одлучува по приговор и жалби на вработени во регионалниот центар;

12) одлучува по жалбите на ученици, родители, односно старатели на ученици и

13) разгледува и други прашања утврдени со статутот на регионален центар.

(2) Управниот одбор на регионален центар покрај надлежностите утврдени со овој закон, ги врши и работите кои се утврдени за училишниот одбор во јавно средно училиште согласно Законот за средното образование.

**Директор на регионален центар**

Член 38

(1) Директорот е раководен орган на регионалниот центар и е одговорен за законитоста во работата и за материјално - финансиското работење на регионалниот центар.

(2) За директор на регионален центар се избира лице кое ги исполнува следниве услови:

1) да е државјанин на Република Северна Македонија;

2) да има високо образование со стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС (VIA ниво) или завршено најмалку високо образование со траење од четири години (најмалку VII/1 степен);

3) да има најмалку седум години работно искуство во средно училиште како наставник или стручен соработник со стекнато уверение за положен испит за директор на средно училиште;

4) да има изготвено предлог-програма за работа на регионалниот центар за стручно образование и обука за период од четири години;

5) да поседува сертификат за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;

6) да има потврда за проверка за познавање и користење на македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, освен за наставниците по наставниот предмет македонски јазик;

7) да има потврда или сертификат за положен испит за познавање на еден од четирите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски и италијански) на ниво Б2 од Европската референтна рамка за јазици, издадени од установа или институција во државата или од странство, регистрирана како давател на оваа услуга, не постари од пет години, освен за наставниците по предметот англиски јазик, француски јазик, германски јазик и италијански јазик;

8) да има општа здравствена состојба за работното место и

9) до моментот на избирањето за директор со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

(3) Проверката од ставот (2) точка 6 на овој член, ја спроведува установа или институција во државата, регистрирана како давател на оваа услуга, за што издава потврда.

(4) По исклучок од став (2) точка 3) на овој член, доколку нема пријавено лице со положен испит за директор, за директор може да биде избрано и лицето кое не положило испит за директор, но е должно истиот да го положи во рок од една година од денот на изборот за директор. Доколку избраниот директор не го положи испитот за директор во рокот утврден во овој став, му престанува мандатот на директор.

(5) Директорот на регионалниот центар се избира и разрешува од управниот одбор, по претходна согласност од Министерството, согласно овој закон.

(6) На наставник кој е избран за директор на регионален центар му мирува работниот однос додека ги врши работите на директор и има право во рок од 15 дена по престанувањето на мандатот, да се врати на работа во регионалниот центар, односно установата каде работел пред да биде избран за директор за вршење на работи кои одговараат на неговиот вид и степен на стручна подготовка.

(7) Ако наставникот од ставот (6) на овој член, не може да се врати во установата каде работел пред да биде избран за директор, наставникот се распоредува и заснова работен однос на неопределено работно време на соодветно работно место во друго училиште на подрачјето на општината, односно Градот Скопје.

(8) Во остварувањето на обврските и раководењето од став (1) на овој член, директорот:

1) подготвува развојна програма за работа, во соработка со раководниот тим и/или тела на регионалниот центар оформени за оваа намена и ја доставува до управниот одбор на регионалниот центар најдоцна до крајот на февруари за периодот кој започнува со почетокот на наредната учебна година;

2) предлага годишна програма за работа која ги опфаќа сите полиња за работа на регионалниот центар до Управниот одбор на регионалниот центар, во соработка со раководниот тим и тела на регионалниот центар формирани за оваа намена;

3) предлага годишен извештај за работа кој вклучува и извештај за реализацијата на четири годишна програма за работа во тековниот период до управниот одбор на регионалниот центар;

4) предлага годишен финансиски план на регионалниот центар до управниот одбор на регионалниот центар;

5) предлага завршна сметка на регионалниот центар до управниот одбор на регионалниот центар;

6) подготвува правилник за начинот на стекнување и распределба на средствата во регионалниот центар и го доставува до управниот одбор на регионалниот центар, во соработка со раководниот тим и тела на регионалниот центар, оформени за оваа намена;

7) предлага договори со правни и физички лица до управниот одбор на регионалниот центар;

8) предлага уписна политика на регионалниот центар до управниот одбор на регионалниот центар, во соработка со раководниот тим и/или тела на регионалниот центар оформени за оваа намена;

9) ги извршува одлуките на управниот одбор;

10) донесува решенија за формирање на комисии и тела;

11) поднесува извештај за успехот и за постигнатите резултати до Министерството, Бирото, Центарот и до Центарот за образование на возрасните;

12) ја контролира реализацијата на годишната програма и

13) врши и други работи предвидени со закон и со статутот на регионалниот центар.

(9) Директорот на регионалниот центар поднесува детален извештај за материјалното работење на регионалниот центар најдоцна до 30 ноември до управниот одбор и до Министерството и го објавува на интернет страницата на регионалниот центар.

(10) Мандатот на директорот на регионалниот центар трае четири години, со можност за уште еден последователен избор.

(11) Директор на регионален центар, кој организира и средно стручно образование, покрај надлежностите утврдени со овој закон, ги врши и работите кои му се утврдени на директор на јавно средно училиште согласно Законот за средното образование и Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта.

**Престанок на мандатот на директорот**

Член 39

(1) На директорот на регионалниот центар му престанува мандатот:

1) на лично барање;

2) ако трајно ја загуби способноста за вршење на должноста директор или

3) ако ги исполни условите за старосна пензија.

(2) Директорот на регионалниот центар може да биде разрешен од страна на Управниот одбор и пред истекот на мандатот, и тоа во следните случаи:

1) во случај на направена повреда при извршување на закони, други прописи и општи акти, утврдена од страна на Државниот просветен инспекторат;

2) ако не ја остварува програмата за работа и не се реализираат плановите и програмите за воспитно-образовна работа;

3) ако по негова вина е нанесена штета на учениците, односно на нивните родители или старатели и на општествената заедница;

4) ако дозволи исплаќање на средства кои не се утврдени во годишниот финансиски план на училиштето;

5) ако дозволи организирање на дејности и активности што се во спротивност со плановите и програмите или

6) му е изречена забрана за вршење на професија, дејност или должност, или со правосилна судска пресуда му е изречена казна затвор во траење подолго од шест месеци.

(3) Со одлуката за разрешување, односно престанокот на мандатот на директорот, Управниот одбор именува вршител на должност директор со согласност од министерот, од редот на наставниците и стручни соработници со мандат до избор на нов директор, но не подолго од шест месеци.

**Помошник на директор и раководители во регионален центар**

Член 40

(1) За помошник на директорот и раководител во регионален центар се назначува лице од редот на наставниците и стручните соработници, вработени во регионалниот центар на неопределено работно време и има најмалку пет години работно искуство во областа на образованието.

(2) Помошникот на директорот го назначува и разрешува директорот на училиштето.

(3) Помошникот на директорот ги врши работите за кои писмено го овластил директорот и го заменува во негово отсуство заради боледување, службено отсуство и други оправдани причини.

(4) Раководител во регионален центар го организира и раководи образовниот процес и другите активности во секторот за кои е назначен, им дава соодветни стручни совети на наставниците во реализацијата на образовниот процес и се грижи за соработка и континуирана размена на информации и за ефективно управување со тековниот развој на регионалниот центар.

(5) Раководител во регионален центар се назначува од директорот на регионалниот центар, по претходна согласност од Министерството.

(6) Работните места од кои биле назначени лицата за помошник на директор, односно раководител во регионален центар им мируваат за време на вршење на работните задачи како помошник на директор, односно раководител во регионалниот центар.

**Внатрешна организација на регионалните центри**

Член 41

Внатрешната организација на регионалните центри се уредува со статутот и актот за внатрешната организација и систематизација, во постапка уредена со закон.

**Стручни органи и тела**

Член 42

Во регионален центар се формираат и стручните органи и тела согласно Законот за средното образование.

## Вработени во регионален центар

Член 43

(1) За вработените во регионалниот центар се утврдуваат следните работни места:
- даватели на јавни услуги во средното образование,
- административни службеници и
- помошно-технички лица.

(2) За вработените во регионален центар кои се со статус даватели на јавни услуги се применуваат одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за средното образование и Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта, како и други прописи кои се применуваат на наставници и соработници во средните училишта.

(3) За вработените во регионален центар кои се со статус административни службеници се применуваат одредбите од Законот за административни службеници и Законот за вработените во јавниот сектор.

(4) За вработените во регионален центар кои се со статус помошно-технички кадар се применуваат одредбите од Законот за работните односи.

## Финансирање на работата на регионалните центри

Член 44

(1) Регионалните центри се финансираат со средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

(2) Средствата од ставот (1) на овој член, се распределуваат врз основа на основниот критериум број на ученици во регионалниот центар.

(3) Начинот на распределбата на средствата од ставот (1) на овој член и посебните критериуми, ги утврдува министерот.

(4) Регионален центар, кој врши дејност на средно стручно образование, за оваа дејност, средства за работа обезбедува и на начин на кој се финансира дејноста на јавно средно образование согласно со Законот за средното образование.

(5) Регионалниот центар може да учествува во финансирање на истражувања од областа на образованието кои ги спроведуваат други образовни установи, но само со средствата остварени од сопствени приходи.

(6) Регионалниот центар може да остварува сопствени приходи, приходи од донации и од други извори утврдени со закон.

(7) Начинот на распределба на средствата од сопствените приходи на регионален центар, го утврдува министерот.

## Престанок со работа

Член 45

(1) На престанок со работа на регионален центар соодветно се применуваат одредбите од Законот за установите.

(2) На престанок со работа на регионален центар, кој врши дејност на средно стручно образование соодветно се применуваат и одредбите за престанок со работа на средно училиште од Законот за средното образование.

## VI. ПОСТСРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ

### Содржина на постсредното образование

Член 46

Постсредното образование се остварува преку наставни планови, наставни програми и испитни програми за:

1. специјалистичко образование и
2. образование за мајстор.

### Цели на постсредното образование и обука

Член 47

Цели на потсредното образование се развој на човечки ресурси, воспоставување на економија заснована на знаење, индивидуална и општествена продуктивност, економски развој на земјата, подобрување на вработеноста и професионалниот развој.

### Реализација на постсредно образование

Член 48

(1) Постсредно специјалистичко образование може да се остварува во акредитирана установа за специјалистичко образование, и тоа во:

1) јавна и приватна установа;

2) установа за средно стручно образование и обука;

3) трговско друштво и

4) регионален центар.

(2) Постсредно образование за мајстор може да се остварува во акредитирани установи за образование за мајстор и тоа:

1) во Занаетчиска комора на Република Северна Македонија, регионална занаетчиска комора, општинска занаетчиска комора и Занаетчиска комора на град Скопје.

(3) Општи услови за акредитирање на установа за постсредно образование, се:

1) да има обезбедено финансиски средства потребни за работа,

2) да има донесено наставни планови, наставни програми и испитни програми за постсредно образование и

3) да има обезбедено простор, опрема и соодветен кадар по сите наставни предмети согласно наставните програми.

(4) Посебните услови за акредитирање на установа за специјалистичко образование од ставот (1) на овој член, се уредуваат со стандардите и нормативите за акредитација на установа за специјалистичко образование, кои ги изготвува Центарот, а ги утврдува министерот.

(5) Посебните услови за акредитирање на установа за образование за мајстор од ставот (2) на овој член, се уредуваат со стандардите и нормативите за акредитација на установи за образование за мајстор, кои ги изготвува Занаетчиската комора на Република Северна Македонија, а ги утврдува министерот, на предлог на Центарот.

(6) Акредитацијата на установите за постсредно образование ја врши комисија за акредитација, формирана од министерот.

(7) Комисијата од ставот (6) на овој член, е составена од три члена, од кои: еден член од Центарот, кој го предлага директорот на Центарот, еден член од Државниот просветен инспекторат кој го предлага директорот на Државниот просветен инспекторат  и еден член од Министерството кој го предлага министерот.

(8) Установата за специјалистичко образование може да започне со работа откако комисијата за акредитација ќе утврди дека се исполнети условите од ставовите (3) и (4) на овој член, и ќе донесе решение за акредитација, односно за отпочнување со работа во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето за акредитација.

(9) Решението од став (9) на овој член, може да се издаде и во форма на електронски документ кој се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(10) Установата за образование за мајстор може да започне со работа откако комисијата за акредитација ќе утврди дека се исполнети условите од ставовите (3) и (5) на овој член, и ќе донесе решение за акредитација, односно за отпочнување со работа, во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето за акредитација.

(11) Решението од ставот (11) на овој член, може да се издаде и во форма на електронски документ кој се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(12) Против решението од ставовите (9) и (11) на овој член, може да се поднесе жалба, во рок од 15 дена од денот на добивањето на решението, до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

(13) Жалбата од ставот (13) на овој член, може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги за електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

**Запишување во постсредното образование**

Член 49

(1) Во постсредно образование во прва година можат да се запишат лица кои имаат завршено стручно образование на III (трето) ниво од МРК или образование од IV (четврто) ниво од МРК.

(2) Посебните услови за запишување на лицата од ставот (1) на овој член, се уредуваат со наставните планови и наставните програми.

(3) Во постсредно образование за мајстор, покрај лицата од ставот (1) на овој член, може да се запишат и лицата со завршено стручно образование за квалификација од II (второ) ниво од МРК.

(4) Времетраењето на постсредно образование е од шест месеци до две учебни години.

(5) Лицата по завршувањето на постсредното образование се стекнуваат со VБ (петто Б) ниво на образовни квалификации и со 60 - 120 ЕКССОО кредити на VБ (петто Б) ниво на образовни квалификации од МРК, што е во согласност со V (петто) ниво на ЕРК.

**Права и обврски на лицата вклучени во постсредното образование**

Член 50

Правата и обврските на лицата запишани во установите за постсредно образование а се утврдуваат со договор склучен меѓу лицето учесник и установата за постсредно образование.

## Наставни планови, наставни програми и испитни програми за постредното образование

Член 51

(1) Наставните планови, наставните програми и испитните програми за специјалистичко образование ги изготвува Центарот, во соработка со Бирото, согласно стандардите на квалификации на МРК, а ги утврдува министерот.

(2) Наставните планови, наставните програми и испитните програми за специјалистичко образование, за свои потреби, може да ги изработуваат и да ги предлагаат јавни и приватни установи, установи за средно стручно образование и обука, трговски друштва и регионални центри, до Центарот.

(3) Центарот дава мислење за усогласеноста на наставните планови, наставните програми и испитните програми од ставот (2) на овој член, согласно стандардите на квалификации од регистарот на МРК и ги доставува за утврдување до министерот.

(4) Наставните планови, наставните програми и испитните програми за мајстор ги изработува Центарот во соработка со Занаетчиската комора на Република Северна Македонија, а ги утврдува министерот.

## Специјалистички и мајсторски испит

Член 52

(1) Учениците кои завршиле постсредно образование полагаат специјалистички испит, односно мајсторски испит.

(2) Испитните програми за специјалистички испит ги предлага установата во која се реализира специјалистичкиот испит, а по претходно мислење од Центарот, ги утврдува министерот.

(3) Испитните програми за мајсторски испит ги изработува Центарот, на иницијатива на занаетчиските комори, а ги донесуваат занаетчиските комори по претходна согласност од министерот.

(4) Структурата, организацијата и начинот на реализацијата на специјалистичкиот испит на крајот од постсредното образование, на предлог на Центарот, ги пропишува министерот.

(5) Структурата, организацијата и начинот на реализацијата на мајсторскиот испит на крајот од постсредното образование, на предлог на занаетчиските комори по позитивно мислење на Центарот ги пропишува министерот.

## Јавни исправи и педагошка документација во постсредно образование

Член 53

(1) Јавните исправи во постсредно образование се:

1) диплома за специјалист со додаток на диплома и

2) диплома за мајстор со додаток на диплома.

(2) Јавните исправи од ставот (1) на овој член, се издаваат во еден примерок. Во случај издадената исправа да се изгуби или уништи установата за постсредно образование издава втор примерок. Секој новоиздаден примерок, по првиот примерок, се смета за втор примерок.

(3) Лицето кое ја изгубило јавната исправа од став (1) на овој член, а установата за постсредно образование или друга организација кај којашто се чува документацијата од установата за постсредно образование не може да издаде втор примерок заради тоа што документацијата е уништена или изгубена, може да бара признавање на образование во вонпроцесна постапка.

(4) Педагошка документација, во смисла на овој закон, се: главна книга на ученици во специјалистичко образование, главна книга на ученици во образование за мајсторски испит, главна книга за специјалистички испит и главна книга за мајсторски испит.

(5) Педагошката документација од ставот (4) на овој член, е од трајна вредност.

(6) Содржината, формата и начинот на водење на педагошката документација во постсредното образование, на предлог на Центарот и Бирото, ги пропишува министерот.

## VII. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ ВО СТРУЧНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

### Обезбедување на квалитет

Член 54

(1) Обезбедувањето квалитет во стручното образование и обука се остварува согласно одредбите од овој закон, како и законите со кои се уредува начинот и процесот на обезбедување квалитет во средното образование.

(2) Обезбедувањето квалитет во стручното образование и обука се уредува на ниво на стручно образование и обука и на ниво на квалификации, согласно Законот за Националната рамка на квалификации.

(3) Обезбедувањето квалитет на ниво на стручно образование и обука се остварува согласно со Законот за средното образование.

(4) Податоците и наодите обезбедени преку процесот на обезбедување на квалитет, установите за средно образование и обука, Државниот просветен инспекторат, Државниот испитен центар, Бирото, Центарот, Центарот за образование на возрасните, работодавачите и коморите ги доставуваат до Министерството, кое води централизирана електронска база на податоци која ја споделува со Центарот, согласно Законот за средното образование.

### Квалитет во стручното образование и обука

Член 55

За спроведувањето на самоевалуацијата во установата за стручно образование и обука се воведува и ново подрачје за самоевалуација „Соработка со пазарот на труд“.

## VIII. НАДЛЕЖНОСТИ ВО СИСТЕМОТ НА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

### Надлежни субјекти во системот на стручно образование и обука

Член 56

Надлежни субјекти за стручното образование и обука се Министерството, Министерството за економија и труд, Советот за стручно образование и обука, единиците на локалната самоуправа, коморите и социјалните партнери.

### Надлежности на Министерството во областа на стручното образование и обука

Член 57

Министерството има надлежност да:

1) предлага на Владата мрежа на установи за стручно образование и обука,

2) донесува петгодишна Стратегија за развој на стручното образование и обука, на предлог на Центарот,

3) предлага на Владата регионални центри од редот на општински средни училишта и средните училишта на градот Скопје,

4) дава мислење за престанокот со работа на установите за стручно образование и обука, согласно закон,

5) врши акредитација на установите за стручно образование и обука и установите за постсредно образование, согласно закон,

6) донесува стратегии, концепции, стандарди, наставни планови, наставни програми и испитни програми и правилници од областа на стручното образование и обука, согласно закон,

7) обезбедува стипендии за учениците во дуалното образование согласно закон и

8) врши други работи согласно закон.

**Надлежности на Министерството за економија и труд во областа на стручното образование и обука**

Член 58

Министерството за економија и труд има надлежност да:

1) доставува мислење за уписната политика до Советот за стручно образование и обука за потребите од кадар од стручно образование и обука, преку анализа на пазарот на трудот,

2) иницира и учествува во подготвувањето и усогласувањето на стандардите на квалификации и

3) донесува стандарди на занимања на предлог на секторските комисии од Законот за Националната рамка на квалификации.

**Совет за стручно образование и обука**

Член 59

(1) Советот за стручно образование и обука (во натамошниот текст: Советот), се основа со одлука на Владата.

(2) Советот е советодавно тело кое предлага стратешки мерки кои се однесуваат на развој на стручното образование и обука.

(3) Советот е составен од 11 членови од кои по еден член од Министерството за образование и наука, Министерството за економија и труд, Министерството за финансии, Бирото за развој на образованието, Државниот испитен центар, стопанските комори кои ги вршат работите утврдени во членот 63 точките 3), 4), 5), 6), 7), 9), 10) и 11) од овој закон, Занаетчиската комора, репрезентативен синдикат за образование, репрезентативна организација на работодавачите, Заедницата на единиците на локалната самоуправа и Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија.

(4) За член на Советот може да биде избрано лице кое ги исполнува следните услови:

- да е државјанин на Република Северна Македонија,

- да има високо образование, VIA ниво од МРК, со најмалку стекнати 240 ЕКТС или завршен VII1 степен на образование и

- да има најмалку пет години работен стаж во образование или доколку нема вработено лице кое има најмалку пет години работен стаж во образование, може да биде избрано лице кое има најмалку пет години работен стаж во правните лица од став (3) од овој закон. При именувањето на членовите на Советот се применува начелото на соодветна и

правична застапеност на припадниците на заедниците во Република Северна Македонија, имајќи ги предвид јазиците на кои се изведува наставата во средното стручно образование, без да се нарушат критериумите утврдени со овој закон.

(5) Во работата на Советот учествува и директорот на Центарот, без право на глас во одлучувањето.

(6) Советот избира претседател од редот на своите членови. Мандатот на членовите на Советот трае четири години, со можност за уште еден избор.

(7) Советот ја уредува својата работа со деловник.

(8) За својата работа, Советот изготвува и донесува Годишна програма за работа до крајот на тековната за наредната година. Советот изготвува годишен извештај и го доставува до Владата и до Министерството до крајот на месец февруари во тековната година, за претходната година.

(9) Годишната програма на Советот и Годишниот извештај за работењето на Советот се објавуваат на интернет страницата на Центарот.

(10) Советот работи на седници кои се одржуваат најмалку еднаш месечно.Претседателот и членовите на Советот имаат право на месечен надоместок за работењето во Советот во висина на 20% од просечната нето-плата која Државен завод за статистика ја објавува, а која е исплатена во претходната година во Република Северна Македонија, доколку во месецот се одржи седница. За техничкиот секретар надоместок е во висина од 5% од просечната нето-плата која Државен завод за статистика ја објавува, а која е исплатена во претходната година во Република Северна Македонија

(11) Стручно-административните работи за Советот ги врши Центарот преку технички секретар на Советот, кој го определува директорот на Центарот, од редот на вработените административни службеници во Центарот.

**Работи на Советот**

Член 60

Советот ги врши следните работи:

1) изготвува и предлага стратегии за стручното образование и обука до Министерството;

2) дава предлози за утврдување на уписна политика, како и предлози за стипендирање на ученици до Министерството;

3) ги анализира постигнувањата на учениците во стручното образование и обука и установите за стручно образование и обука;

4) дава мислење за законски решенија и правни акти кои се во врска со стручното образование и обука до Министерството;

5) дава мислење и предлози за усогласување на образовните политики и стратешките определби со цел подобрување на економскиот развој до Министерството;

6) предлага мерки за обезбедување на квалитет во стручното образование и обука до Министерството;

7) предлага мерки и активности за поврзување на стручното образование и обука со доживотното учење, пазарот на трудот и едукацијата за одржлив развој до Министерството;

8) предлага мерки и активности за спречување на предвремено напуштање на учениците од установите за стручно образование до Министерството;

9) предлага мерки и активности за подобрување на инклузијата во стручното образование и обука, особено во делот на учење преку работа до Министерството;

10) во соработка со единиците на локалната самоуправа до Министерството доставува предлог за развој на мрежата на установите за стручното образование и обука;

11) дава предлози до секторските комисии за квалификации од Законот за Националната рамка за квалификации, за нови квалификации и стандарди на занимање или прилагодување на постоечките квалификации и стандарди на занимање;

12) дава предлози за стратешки партнерства на установите за стручно образование и обука со приватниот сектор во државата и надвор од неа до Центарот;

13) донесува општ стандард за опрема и просторни услови за реализација на практично образование на ученици кај работодавач и

14) врши други работи утврдени со закон.

**Надлежности на единицата на локална самоуправа во областа на стручното образование и обука**

Член 61

Советот на општината, односно на градот Скопје:

1) врши анализа на потребите на пазарот на трудот на локално ниво и ги искажува согледувањата за потребите до Центарот и установите за стручно образование и обука;

2) доставува образложени предлози за уписната политика во стручното образование и обука до Министерството, за потребните квалификации, врз основа на анализа на потребите на пазарот на трудот на локално и регионално ниво, во соработка со установите за стручно образование и обука и работодавачите;

3) доставува предлози до Министерството и до Центарот за потребите од конкретни квалификации на локално или регионално ниво во стручното образование и

4) поведува или поддржува иницијативи за соработка меѓу установи за стручно образование и обука и работодавачи, вклучувајќи и иницијатива за дуално образование.

**Социјални партнери од областа на стручно образование и обука**

Член 62

Социјални партнери се организации на работодавачи и синдикати кои ги претставуваат интересите на работодавачите и работниците, кои во соработка со органите на државната управа и единиците на локалната самоуправа учествуваат во реформите, развојот и реализацијата на стручното образование и обука.

**Надлежност на коморите и социјалните партнери кои ги претставуваат интересите на работодавачите и работниците во областа на стручното образование и обука**

Член 63

Коморите и социјалните партнери кои ги претставуваат интересите на работодавачите и работниците во областа на стручното образование и обука, ги вршат следниве работи:

1) доставуваат предлози до Центарот за донесување на нови и иновирање на постоечките наставни планови, наставни програми и испитни програми,

2) доставуваат предлози до Центарот за изготвување на нови стандарди на занимања и самостојно изготвуваат стандарди на занимање кои ги доставуваат до Центарот за стручно мислење,

3) водат евиденција на склучени меморандуми меѓу установите за стручно образование и обука и работодавачите за практично образование доставени од страна на своите членки,

4) до Министерството доставуваат годишен извештај за верифицираните работодавачи за изведување на практичното образование,

5) доставуваат список до Центарот и Министерството на свои членки/работодавачи кои сакаат да се вклучат во дуално образование од наредната учебна година до крајот на тековната календарска година,

6) креираат и одржуваат база на податоци на работодавачи членови на коморите и социјалните партнери, каде се реализира дуално образование, учење преку работа, практична обука, феријална практика, сертифицирани ментори и установи за стручно образование и обука со кои соработуваат работодавачите и ја објавуваат на својата интернет страница,

7) обезбедуваат услови и даваат поддршка при воспоставувањето на партнерство помеѓу работодавачите и училиштата за реализација на дуално образование,

8) учествуваат во креирањето на конкурсот за упис на учениците во установи за стручно образование и обука со доставување на предлози до Министерството,

9) верификуваат работодавачи за реализација на практично образование,

10) изготвуваат анализи за потребите на пазарот на трудот на годишно ниво и ги објавуваат на своите интернет страници,

11) воспоставуваат врска помеѓу работодавачите и установите за стручно образование и обука, за реализација на практично образование и

12) вршат други работи утврдени со овој закон.

### Надлежност на синдикатите

Член 64

Синдикатите до Центарот и коморите доставуваат предлози за подобрување на условите за практично образование на учениците кај работодавачите.

## IX. ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА СТРУЧНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Член 65

(1) Центарот за развој на стручното образование е јавна установа за стручно образование во Република Северна Македонија.

(2) Центарот го основа Владата.

(3) Центарот има својство на правно лице и се запишува во Централниот регистар на Република Северна Македонија.

(4) Седиштето на Центарот е во Скопје.

(5) Центарот има свој печат и штембил.

Член 66

(1) Во Центарот се усогласуваат и интегрираат јавните интереси и интересите на социјалните партнери во стручното образование во Република Северна Македонија.

(2) Центарот соработува со меѓународните институции и организации во областа на стручното образование.

### Работи на Центарот

Член 67

Центарот ги врши следните работи:

1) врши и организира истражувања и анализи во насока на развој и унапредување на стручното образование;

2) му предлага на министерот наставни планови, наставни програми и испитни програми за стручно образование, согласно овој закон;

3) ги реализира и следи имплементациите на Стратегиите за развој на стручно образование и обука;

4) му предлага на министерот правилници, нормативи, стратегии, стандарди, модели, концепции и други програмски документи, согласно овој закон;

5) ја следи спроведливоста и обезбедува конкурентност на стекнатите компетенции на меѓународниот пазар на труд;

6) обезбедува квалитет во стручното образование, согласно закон;

7) ја планира и поддржува реализацијата на стручното образование и обука во соработка со социјалните партнери и изготвува документи за развој на социјалното партнерство;

8) реализира обуки на наставниците и другите извршители вклучени во реализацијата на стручното образование, освен по општо-образовните предмети;

9) предлага мерки и активности за обезбедување на квалитет во стручното образование и обука согласно закон;

10) дава препораки за развој на секторите на квалификациите;

11) изготвува стандарди на занимања и ги проследува за мислење до секторските комисии за квалификации од Законот за Националната рамка за квалификации;

12) дава стручно мислење на стандарди на занимања изготвени од други предлагачи и ги проследува за мислење до секторските комисии за квалификации од Законот за Националната рамка за квалификации;

13) води Регистар на стандарди на занимања;

14) изготвува стандарди на квалификации до VБ (петто Б) ниво од МРК и ги доставува на одобрување до Одборот на Националната рамка на квалификации преку соодветната секторска комисија;

15) врши советодавна стручна работа и стручен надзор за подобрување на квалитетот на работата во установите за стручно образование и обука;

16) изготвува општ стандард за опрема и просторни услови за реализација на практично образование на ученици кај работодавач;

17) учествува во постапките за избор на понудувачи на услуги за професионално усовршување на наставници и стручни соработници во стручното образование и обука;

18) ја следи реализацијата и квалитетот на услугите на избраните понудувачи на обуки од областа на стручното образование и обука, освен по општо-образовните предмети;

19) ги анализира резултатите од испитите на крајот на секој вид на стручно образование и обука и предлага мерки и активности за нивно подобрување до Државниот испитен центар и до Министерството;

20) може да учествува во интегрална евалуација на квалитетот на наставата во училиштата во кои се реализираат планови и програми за стручно образование и обука, согласно Законот за просветната инспекција;

21) учествува во утврдување на исполнетоста на условите на установите кои бараат акредитација за реализирање на стручното образование и обука;

22) изготвува нормативи и стандарди за простор, опрема и кадар, согласно образованите програми за стручно образование и практично образование, кои ги утврдува министерот;

23) предлага и реализира програми за обука за координатори на практичното образование кај работодавачот и врши нивна сертификација;

24) реализира обука на обучувачи за ментор кај работодавач и врши нивна сертификација;

25) изработува програма за обука за ментор кај работодавач во соработка со коморите, која ја донесува министерот;

26) врши контрола на реализацијата на обука за ментори кај работодавач;

27) предлага мерки и активности за поврзување на понудата на квалификации со потребата за обука за преквалификации и доквалификации;

28) планира и остварува меѓународна соработка, создава и членува во меѓународни мрежи и организации и учествува во домашни и меѓународни истражувачки проекти;

29) издава публикации и стручни материјали од областа на стручното образование и обука и

30) врши други работи утврдени со закон.

Член 68

(1) Центарот може да организира подружници во кои може да се вработат или распределат лица само од местото во кое е подружницата.

(2) Организирањето на подружниците се врши согласно Законот за установите.

**Управување и раководење со Центарот**

Член 69

(1) Со Центарот управува управен одбор.

(2) Управниот одбор е составен од девет членови, и тоа: по еден член од Министерството, Министерството за економија и труд, Заедницата на единиците на локалната самоуправа, стопанските комори кои ги вршат работите од член 63 точките 3), 4), 5), 6), 7), 9), 10) и 11) од овој закон, Занаетчиска комора, од Репрезентативната организација на работодавачи и три члена од редот на стручните работници вработени во Центарот.

(3) При именувањето на членовите на управниот одбор се применува начелото на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во Република Северна Македонија, имајќи ги предвид јазиците на кои се изведува наставата во средното образование, без да се нарушат критериумите утврдени со овој закон.

(4) Управниот одбор од редот на своите членови избира претседател.

(5) Мандатот на членовите на управниот одбор трае четири години, со можност за уште еден последователен избор.

(6) Членовите на управниот одбор ги именува и разрешува Владата.

(7) Управниот одбор ја уредува својата работа со деловник.

(8) Управниот одбор работи на седници кои се одржуваат најмалку еднаш месечно.

(9) Претседателот и членовите на управниот одбор имаат право на месечен надоместок за работењето во управниот одбор во висина на 30 % од просечната нето-плата исплатена во претходната година на ниво на Република Северна Македонија објавена од Државниот завод за статистика, доколку во месецот се одржи седница.

**Член на Управен одбор**

Член 70

(1) За член на управен одбор на Центарот може да биде избрано лице кое ги исполнува следните услови:

1) да е државјанин на Република Северна Македонија,

2) да има високо образование со VIA ниво од МРК, односно најмалку стекнати 240 ЕКТС или завршен VII1 степен на образование и

3) да има најмалку пет години работен стаж во образование. Доколку нема вработено лице кое има најмалку пет години работен стаж во образование, може да биде избрано лице кое има најмалку пет години работно искуство во субјектите од член 69 став (2) од овој закон.

**Работа и задачи на Управниот одбор**

Член 71

(1) Управниот одбор на Центарот:

1) го донесува статутот на Центарот;

2) ги усвојува годишната програма за работа и извештајот за работа на Центарот и ги доставува до Владата;

3) ги усвојува годишниот финансиски план и годишниот финансиски извештај на Центарот;

4) одлучува по приговорите и жалбите на вработените во Центарот;

5) донесува акти на Центарот согласно овој закон и

6) врши и други работи утврдени со закон и со статутот.

(2) Согласност на статутот на Центарот дава Владата.

**Директор на Центарот**

Член 72

(1) Со Центарот раководи директор.

(2) За директор на Центарот може да биде избрано лице кое ги исполнува следните услови:

1) е државјанин на Република Северна Македонија и активно го користи македонскиот јазик и неговото кирилско писмо;

2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) има стекнато најмалку VI A ниво од МРК, најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;

4) да е наставник со најмалку пет години работно искуство во стручно образование и обука или да биде вработен најмалку пет години во орган на државната управа од областа на образованието;

5) да има потврда или сертификат за положен испит за познавање на еден од четирите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски и италијански) на ниво Б2 од Европската референтна рамка за јазици, издадени од установа или институција во државата или од странство регистрирана како давател на оваа услуга, не постари од пет години, освен за наставниците по предметот англиски јазик, француски јазик, германски јазик и италијански јазик;

6) да поседува сертификат за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и

7) да има изготвено план и програма за работа и развој на Центарот за период од четири години.

(3) Мандатот на директорот на Центарот трае четири години, со право на уште еден последователен избор.

(4) На лицето кое е избрано за директор на Центарот му мирува работниот однос за време на вршење на функцијата директор на Центарот и има право во рок од пет дена по престанувањето на функцијата што ја вршел, да се врати на работа во установата или институцијата каде работел пред да биде избран за директор, на работно место најмалку на исто ниво со нивото на кое било пред да биде избран за директор.

**Заменик на директор на Центарот**

Член 73

(1) За заменик на директор на Центарот може да биде избрано лице кое ги исполнува истите услови како и за директор на Центарот, освен условот од член 72 став (2) точка 7 од овој закон.

(2) Мандатот на заменик на директорот на Центарот трае четири години, со право на уште еден последователен избор.

(3) Заменикот на директорот го заменува директорот во случај на негово отсуство или спреченост со сите негови овластувања и одговорности во работењето и врши други работи што ќе му ги довери директорот.

(4) На лицето кое е избрано за заменик на директор на Центарот му мирува работниот однос за време на вршење на функцијата заменик директор на Центарот и има право во рок од пет дена по престанувањето на функцијата што ја вршел, да се врати на работа во установата или институцијата каде работел пред да биде избран за заменик на директор, на работно место најмалку на исто ниво со нивото на кое било пред да биде избран за директор.

**Постапка за избор на директор и заменик на директор на Центарот**

Член 74

(1) Директор и заменик на директор на Центарот, на предлог на министерот, ги избира и разрешува Владата.

(2) За избор на директор на Центарот, се објавува јавен оглас во три дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, кој трае осум дена, од денот на објавувањето на јавниот оглас.

(3) Заменик директорот на Центарот се избира во иста постапка во која се избира и директорот на Центарот, согласно овој закон.

**Работа и задачи на директорот на Центарот**

Член 75

Директорот на Центарот:

1) ја организира и раководи работата на Центарот;

2) одговара за законитоста на работата на Центарот;

3) се грижи за законито трошење на финансиските средства на Центарот;

4) го застапува Центарот пред трети лица;

5) ја предлага годишната програма за работа на Центарот и годишен финансиски план за потребните средства и нивните извори;

6) изготвува годишен извештај за реализација на годишната програма на Центарот и ја доставува до управниот одбор на Центарот;

7) ги предлага и извршува општите акти за организација и систематизација на работењето на Центарот;

8) донесува акти за внатрешна организација и систематизација на работните места во Центарот и други акти на Центарот кои се однесуваат на работниот однос на вработените, донесува годишни планови за вработување на вработените, како и решава за правата од работен однос на вработените во Центарот;

9) организира и обезбедува подготвување на нацртите и предлозите на општите акти и извештаите што ги донесува управниот одбор на Центарот;

10) предлага акти до управниот одбор на Центарот;

11) обезбедува транспарентност во работата на Центарот;

12) учествува во работата на управниот одбор на Центарот, без право на глас во одлучувањето;

13) ги извршува одлуките на управниот одбор на Центарот и

14) врши други работи утврдени со закон и со статутот на Центарот.

**Основи за престанок на мандатот на директор и на заменик на директорот на Центарот**

Член 76

(1) На директорот на Центарот му престанува мандатот пред истекот на периодот за кој е избран, ако:

1) тоа сам го побара;

2) трајно ја загуби способноста за вршење на должноста директор или

3) ги исполни условите за старосна пензија.

(2) Директорот на Центарот се разрешува пред истекот на мандатот, ако:

1) му е изречена забрана за вршење на професија, дејност или должност;

2) со правосилна судска пресуда му е изречена казна затвор во траење подолго од шест месеци;

3) по негова вина е нанесена штета на Центарот или

4) дозволи исплаќање на средства кои не се утврдени во годишниот финансиски план на Центарот.

(3) Основите за престанок на мандатот на директорот пред истекот на периодот за кој е избран од ставовите (1) и (2) на овој член, се однесуваат и на престанок на мандатот пред истекот на периодот за кој е избран и на заменик директорот на Центарот.

**Вршител на должноста директор**

Член 77

(1) Во случаите од членот 76 ставови (1) и (2) од овој закон, до избор на директор на Центарот, Владата именува вршител на должноста директор.

(2) Вршителот на должноста директор ги врши работите до именување на нов директор, но не подолго од шест месеци од денот на неговото именување.

(3) Исто лице може да биде именувано за вршител на должност директор најмногу два пати последователно.

**Вработени во Центарот**

Член 78

(1) Вработените во Центарот кои вршат административни работи имаат статус на административни службеници. За класификацијата, вработувањето, унапредувањето, стручното усовршување и оспособување, мерењето на ефектот и други прашања во врска со работниот однос на административните службеници во Центарот се применуваат одредбите од Законот за административни службеници.

(2) Вработените во Центарот кои вршат помошни и технички работи имаат статус на помошно-технички персонал и за нив се применуваат одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор и општите прописи од областа на работните односи.

(3) Заради вршење на стручните работи од надлежност на Центарот, утврдени во членот 67 од овој закон, во Центарот може да се систематизираат работни места и на даватели на јавни услуги во областа на образованието и науката и за нив се применуваат одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор и општите прописи од областа на работните односи.

(4) Работните места на даватели на јавни услуги се систематизираат заради обезбедување на континуирана и соодветна стручна и советодавна поддршка на установите за стручно образование и обука, наставниците, работодавачите и поддршка на дуалното образование преку вршење на следните стручни работи:

1) организирање на истражувања и анализи за развојот на стручното образование и обука;

2) организирање и спроведување на активности за обуки за наставниците по стручните предмети и другите извршители вклучени во реализацијата на стручното образование;

3) вршење на советодавна стручна работа и стручен надзор за подобрување на квалитетот во установите за стручно образование и обука;

4) развивање, воспоставување и следење на стратешко и социјално партнерство и соработка со државни органи и јавни установи;

5) воспоставување и развивање меѓународна соработка и учество во реализација на меѓународни проекти;

6) овозможување на поддршка на реализацијата на стручното образование и обука;

7) учествување во подготовка на наставни планови, наставни програми и испитни програми;

8) давање стручни совети на установите за изработка на развојните планови и

9) овозможување поддршка и учество во други работи од надлежност на Центарот.

**Даватели на јавни услуги**

Член 79

(1) Во согласност со одговорноста, целите, видот и сложеноста на работите и работните задачи на работното место, работните места на давателите на јавни услуги од членот 78 став (3) од овој закон, се класифицираат во две категории, и тоа:

- категорија А - раководни даватели на јавни услуги и
- категорија Б - стручни даватели на јавни услуги.

(2) Во рамките на категоријата А, од ставот (1) алинеја 1 на овој член, се утврдуваат следниве нивоа на работни места на раководни даватели на јавни услуги:

- ниво А1 раководител на служба и
- ниво А2 координатор на оддел.

(3) Во рамките на категоријата Б, од ставот (1) алинеја 2 на овој член, се утврдуваат следниве нивоа на работни места на стручни даватели на јавни услуги:

- ниво Б1 советник за стручно образование - самостоен стручен соработник и
- ниво Б2 помлад соработник за стручно образование - стручен соработник.

(4) За пополнување на работни места на даватели на јавни услуги на Центарот, кандидатот треба да ги исполни следниве општи услови:

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност.

(5) Покрај општите услови од ставот (4) на овој член, давателите на јавни услуги треба да ги исполнуваат и посебните услови утврдени со актот за систематизација на Центарот.

**Вработување на даватели на јавни услуги**

Член 80

(1) Директорот на Центарот донесува одлука за потреба од вработување на даватели на јавни услуги, за пополнување на слободно работно место во Центарот, по претходно добиено писмено известување за обезбедени финансиски средства од Министерството.

(2) Со одлуката од став (1) на овој член, се определува дали пополнувањето на слободното работно место во Центарот се врши преку вработување на лице по пат на објавување на јавен оглас, објавување на интерен оглас и мобилност преку распоредување или преземање согласно со одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за буџетите.

(3) Во Центарот, потребата од давател на јавни услуги се обезбедува со објавување на јавен оглас во најмалку два дневни весника од кои најмалку во по еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, а огласот трае најмалку осум работни денови и се објавува на огласната табла и интернет страницата на Центарот.

(4) По исклучок од ставот (3) на овој член, во Центарот може да се пополни работно место преку склучување на договор за вработување на определено време согласно Законот за вработените во јавниот сектор.

(5) Во случаи кога пополнувањето на слободно работно место се врши по пат на објавување на интерен оглас, истиот се објавува на огласната табла на Центарот и на интернет страницата на Центарот.

(6) Постапката за унапредување има за цел да им овозможи на давателите на јавни услуги кариерно напредување.

(7) Постапката за унапредување може да започне откако ќе се добие известување за обезбедени финансиски средства.

(8) Огласот од став (5) на овој член, содржи податоци за работното место кое треба да се пополни и за потребните услови кои треба да ги исполни давателот на јавни услуги согласно овој закон и актот за внатрешна организација и систематизација на работните места на Центарот и рок за пријавување на интерниот оглас, кој не може да биде пократок од три работни дена од денот на неговото објавување.

(9) На интерниот оглас може да се пријави давател на јавни услуги вработен во Центарот, кој ги исполнува општите и посебните услови утврдени за соодветното ниво во овој закон и во актот за систематизација на работни места во Центарот, како и:

- да е оценет со оцена „4” или „5“ при последното оценување,
- да поминал најмалку две години на тековното работно место и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

(10) Кандидатите се пријавуваат на интерниот оглас со поднесување на пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата и истата преку архивата ја доставуваат до организационата единица за управување со човечки ресурси или до лицето задолжено за управување со човечките ресурси.

(11) Рокот за пријавување трае осум работни денови од денот на објавувањето на интерниот оглас.

(12) Директорот на Центарот формира комисија за селекција за унапредување, составена од три члена, од кои два члена со исто или повисоко звање со давателот на јавни услуги за кое работно место е објавен интерниот оглас, и еден вработен од организационата единица за управување со човечки ресурси или лицето кое ги врши работите со управување со човечки ресурси ако нема организациона единица. Претседателот на комисијата е од категоријата на раководен давател на јавни услуги во Центарот. Доколку нема раководно лице тогаш претседател на комисија е вработен со повисоко звање од давателот на јавни услуги за кое работно место е објавен интерниот оглас.

(13) Постапката по интерниот оглас се состои од две фази: административна селекција, која се состои од проверка на внесените податоци во пријавата и приложените докази во пријавата и интервју.

(14) За кандидатите за кои при административната селекција ќе се утврди дека не ги исполнуваат условите утврдени во интерниот оглас, постапката на селекција завршува.

(15) За останатите кандидати во рок од пет работни дена по завршувањето на административната селекција, комисијата спроведува интервју.

(16) По завршената административна селекција и интервјуто, комисијата составува ранг листа и му го предлага прворангираниот кандидат на директорот.

(17) Во рок од три работни дена од добивање на предлогот од став (16) на овој член, директорот е должен да донесе одлука за избор.

(18) Одлуката за избор се доставува до кандидатите и се објавува на интернет страницата на Центарот.

(19) Директорот може да донесе одлука за невршење на избор и во истата е должен да ги наведе причините за нејзиното донесување.

(20) Против одлуката за избор или невршење на избор на давател на јавни услуги, незадоволниот кандидат може да изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката за одлука за избор, односно од денот на објавување на интернет страницата или огласната табла на одлуката за невршење на избор.

(21) Кога директорот вработува даватели на јавни услуги по пат на јавен оглас, должен е во јавниот оглас да ги наведе условите што се бараат за вршење на работата, почетокот и завршетокот на дневното и неделното работно време, распоредот на работното време и паричниот износ на основната плата за работното место за кое се бара давател на јавни услуги и рокот за пријавување, кој не смее да биде пократок од три работни дена. Директорот формира комисија за селекција за вработување, која е составена од претседател и два члена од редот на вработените даватели на јавни услуги и нивни заменици.

(22) Комисијата за селекција за вработување се состои од еден раководен давател на јавни услуги и двајца даватели на јавни услуги, од кои еден со исто или повисоко звање со давателот на јавни услуги за кое работно место е објавен јавниот оглас и еден член на комисијата е лице вработено во организационата единица за управување со човечки ресурси или лицето кое ги врши работите со управување со човечки ресурси ако нема организациона единица.

(23) Постапката по јавниот оглас се состои од две фази: административна селеција, која се состои од проверка на внесените податоци во пријавата и приложените докази во пријавата и интервју.

(24) За кандидатите за кои при административната селекција ќе се утврди дека не ги исполнуваат условите утврдени во јавниот оглас, постапката на селекција завршува. За останатите кандидати во рок од пет дена по завршувањето на административната селекција комисијата спроведува интервју.

(25) По завршената административна селекција и интервјуто, комисијата составува ранг-листа која во рок од пет дена му ја доставува на директорот и му го предлага прворангираниот кандидат на директорот.

(26) При составувањето на ранг-листата комисијата за селекција ги применува одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор за вработувањата на кандидати со примена на начелото на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците согласно годишниот план на Центарот.

(27) Директорот донесува одлука за вршење избор или неизбор на кандидат, во рок од осум дена по приемот на ранг-листата од комисијата за селекција, која се објавува на огласната табла и на интернет страницата на Центарот.

(28) Одлуката за избор или неизбор на кандидати се доставува до кандидатите кои ја поминале административната селекција.

(29) Против одлуката незадоволните кандидати, можат да изјават жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

(30) По конечноста на одлуката за избор на кандидат, директорот склучува договор за вработување со избраниот кандидат.

**Плата на даватели на јавни услуги**

Член 81

(1) Платата на давателите на јавни услуги од членот 78 став (3) од овој закон се состои од следниве компоненти:
- основна компонента и
- исклучителна компонента.

(2) Основната компонента на плата ја сочинуваат:
- минимална плата,
- дел на плата за степен на образование,
- дел на плата за ниво и
- дел на плата за стаж.

(3) Минималната плата е платата која се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ согласно со закон.

(4) Делот на плата за степенот на образование, кој е законски минимум за соодветното ниво на работно место, се вреднува на следниот начин:
- ниво на квалификации VI А, 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен - 56 бодови и

- ниво на квалификации VI Б или 180 кредити според ЕКТС -31 бодови.

(5) Делот на плата за нивото на кое е распореден давателот на јавни услуги се вреднува на следниов начин:

- ниво А1 – 323 бодови,
- ниво А2 -172 бодови,
- ниво Б1 - 106 бодови и
- ниво Б2 - 25 бод.

(6) Делот на плата за работниот стаж на давателот на јавни услуги се вреднува во износ од 0,5% од збирот на минималната плата, делот на плата за степен на образование и делот на плата за ниво, за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20%.

(7) Вредноста на бодот од ставот (5) на овој член, за пресметување на платите на давателите на јавни услуги од членот 78 став (3) од овој закон, се утврдува секоја година со одлука на Владата на предлог на министерот, која се донесува во рок од десет дена од денот на донесувањето на Буџетот на Република Северна Македонија, а во рамките на предвидениот буџет на Центарот.

(8) Вредноста на бодот од ставот (7) на овој член, не може да биде пониска од вредноста на бодот за пресметување на платите на државните службеници, која се утврдува секоја година со одлука на Владата.

**Додатоци на плата**

Член 82

(1) Давателот на јавни услуги од членот 78 став (3) од овој закон, има право на додаток на плата за:

- работа за време на неделен одмор,
- работа за време на празници утврдени со закон и
- работа подолго од полното работно време.

(2) Давателот на јавни услуги од членот 78 став (3) од овој закон, кој бил ангажиран да работи согласно условите од ставот (1) алинеи 1, 2, и 3 на овој член, има право на онолку слободни часови односно денови колку што бил ангажиран за работа надвор од редовното работно време.

(3) Слободните часови, односно денови од тековниот месец, давателот на јавни услуги ги користи до крајот на наредниот месец, по месецот во кој бил ангажиран.

(4) Доколку на давателот на јавни услуги не му се обезбеди користење на слободни часови, односно денови согласно ставот (3) на овој член, му се исплатува додаток на плата во износ од 35% од износот на основната плата, пресметана по час.

(5) Додатоците на плата од ставот (1) на овој член, не се исклучуваат.

(6) Давателот на јавни услуги од членот 78 став (3) од овој закон, има право на надоместоци на плата и други надоместоци согласно овој закон и општите прописи за работни односи и тоа за:

- патни, дневни и други трошоци за службени патувања во странство,
- трошоци за службени патувања во земјата,
- трошоци за одвоен живот од семејството,
- селидбени трошоци,
- трошоци за работа на терен,
- трошоци за погреб во случај на смрт на давател на јавни услуги или член на негово потесно семејство (брачниот другар и децата родени во брак или надвор од брак, посиноците, посвоените деца и децата земени на издржување),
- штета при елементарни непогоди и

- трошок при боледување подолго од шест месеци на давателот на јавни услуги.

(7) Висината на надоместоците од ставот (1) на овој член, се утврдуваат со Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија.

**Финансирање на работата на Центарот**

Член 83

Средствата за остварување на дејноста на Центарот се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија и од сопствени приходи од извршените услуги, како и од легати, подароци и донации.

X. НАДЗОР

Член 84

(1) Надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, врши Министерството.

(2) Инспекциски надзор и надзор над квалитетот на работата на установите за стручно образование и обука, врши Државниот просветен инспекторат.

(3) Стручен надзор над работата на установите за стручно образование и обука и работодавачите, врши Центарот во делот на стручните предмети и практичното образование.

(4) Начинот на вршење на стручниот надзор од став (3) на овој член, го утврдува министерот, на предлог на Центарот.

XI. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 85

(1) Глоба во износ од 250 до 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот на работодавачот, ако:

1) достави неточни податоци за потребите на иницијативата од членот 16 од овој закон;

2) почне со реализација на практично образование без да склучи договор со установата за стручно образование и обука и со ученикот за реализација на практичното образование (член 23 став (1) од овој закон);

3) ако е договорено, а не обезбеди надоместок за ученикот во согласност со член 21 став (1) од овој закон, односно за дуалното образование согласно член 21 став (1) од овој закон и

4) организира практично образование без да се верификува (член 27 став (4) од овој закон).

(2) Глоба од 200 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член, на одговорното лице кај работодавачот.

(3) Глоба од 300 до 400 евра во денарска противвредност ќе и се изрече за прекршок на установата, ако:

1) не обезбеди обука за безбедност и здравје при работа на учениците, пред започнување на реализација на практичното образование кај работодавач (член 22 став (2) точка 1) од овој закон);

2) не организира осигурување за учениците за целиот период поминат во установата и периодот поминат во практично образование кај работодавачот (член 22 став (2) точка 3 од овој закон);

3) не води и не ја ажурира базата на податоци за склучени договори за практично образование со работодавачот и ученикот, (член 22 став (2) точка 7) од овој закон) и

4) издаде јавна исправа за завршено постсредно образование спротивно на членот 53 од овој закон.

(4) Глоба во износ од 250 до 350 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (3) на овој член, на одговорно лице кај установата.

(5) Глоба во износ од 400 до 450 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на организатор на обука за ментори од членот 25 од овој закон, ако организира обука спротивно на правилата уредени со членот 25 од овој закон.

(6) Глоба во износ од 300 до 350 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (5) на овој член, на одговорно лице кај организаторот на обука за ментори.

(7) Глоба во износ од 300 до 350 евра во денарска противвредност ќе и се изрече за прекршок на комората, ако:

1) верификувала работодавач за организирање на практично образование спротивно на член 27 ставови (1), (2) и (3) од овој закон;

2) води Регистар за верификација на работодавачите за практично образование спротивно на член 27 ставови (5) и (6) од овој закон и

3) евиденцијата на верификувани работодавачи не ја објави на својата интернет страница спротивно на член 27 став (8) од овој закон.

(8) Глоба во износ од 250 до 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (7) на овој член, на одговорно лице во комората.

Член 86

(1) За прекршоците утврдени во член 85 од овој закон, државниот просветен инспектор е должен на сторителот на прекршокот да му издаде прекршочен платен налог согласно Законот за прекршоците.

(2) Доколку сторителот го прими прекршочниот платен налог, истиот треба да го потпише. Примањето на прекршочниот платен налог од сторителот на прекршокот се забележува во записник.

(3) Во записникот од став (2) на овој член, се утврдува начинот на кој ќе се отстранат штетните последици од прекршокот, како и начинот на надминување на последиците од сторениот прекршок.

(4) Кога како сторител на прекршок се јавува правно лице, записникот и прекршочниот платен налог ги потпишува одговорното лице во правното лице или од него овластено лице.

(5) Државниот просветен инспектор е должен да води евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот од покренатите постапки.

(6) Во евиденцијата од ставот (5) на овој член, се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

(7) Личните податоци од ставот (6) на овој член, се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата, согласно прописите од областа на заштита на личните податоци.

(8) Формата и содржината на прекршочниот платен налог ги пропишува министерот.

Член 87

(1) За прекршоците утврдени во членот 85 од овој закон, прекршочна постапка води и прекршочни санкции изрекува надлежен суд.

(2) Сторителот на прекршокот е должен освен глобата, да ги отстрани неправилностите од сторениот прекршок.

## XII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 88

(1) Со денот на влегувањето во сила на овој закон, Центарот за стручно образование и обука продолжува да работи како Центар за развој на стручното образование, согласно овој закон.

(2) Во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, Центарот за стручно образование и обука ќе ја усогласи својата работа и општите акти со овој закон.

(3) Во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе се изберат директор и заменик на директор на Центарот за развој на стручното образование, согласно овој закон.

(4) Постојниот директор и заменик на директор на Центарот за стручно образование и обука ќе продолжат да ги вршат работите до изборот на нов директор и заменик на директор, согласно овој закон, до истекот на времето за кое се избрани.

(5) Во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе се избере претседател и ќе се именуваат членови на управниот одбор на Центарот за развој на стручно образование, согласно овој закон.

(6) Постојниот претседател и членови на управниот одбор на Центарот за стручно образование и обука ќе продолжат да ги вршат работите до изборот на нов претседател и членови на управниот одбор, согласно со овој закон, до истекот на времето за кое се избрани.

(7) Во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, вработените, средствата, имотот, опремата, инвентарот и документацијата од Центарот за стручно образование и обука, се преземаат од Центарот за развој на стручно образование.

Член 89

(1) Во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе се формира Совет за стручно образование и обука, согласно овој закон.

(2) Постојниот претседател и членови на Совет за стручно образование и обука ќе продолжат да ги вршат работите до изборот на нов претседател и членови на Совет за стручно образование и обука, согласно овој закон.

Член 90

Установите во кои се реализира стручното образование и обука, во рок од 12 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе ја усогласат својата организација, работа, статутите и други општи акти, со одредбите од овој закон.

Член 91

(1) Државниот регионалниот центар за стручно образование и обука, основан до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе ги усогласи своите општи акти со одредбите од овој закон, во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) Директорот на државниот регионален центар за стручно образование и обука, именуван до денот на влегувањето во сила на овој закон, продолжува да ги врши работите утврдени со овој закон, до истекот на времето за кое е избран.

(3) Државниот регионален центар за стручно образование и обука ќе избере орган на управување согласно овој закон, во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон. Постојниот орган на управување на државниот регионален центар за стручно образование и обука продолжува да ги врши работите до изборот на нов орган на управување, согласно овој закон, до истекот на времето за кој е избран..

(4) Постапките за избор за директор на државен регионален центар за стручно образование и обука, започнати до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе завршат согласно Законот за стручно образование и обука („Службен весник на Република Македонија“ број 71/2006, 117/2008, 148/09, 17/11, 24/13, 137/13, 41/14, 145/15, 55/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/19) и Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија” број 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 229/20).

Член 92

(1) Одредбите од членот 6 ставовите (1) и (3) од овој закон, кои се однесуваат на училишниот инклузивен тим, ќе отпочнат да се применуваат наредната учебна година по влегувањето во сила на овој закон.

Член 93

Подзаконските акти утврдени со овој закон ќе се донесат во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 94

(1) Започнатите постапки за верификација на работодавачите за спроведување на практична обука и за верификација на установи за постсредно образование до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе завршат согласно Законот за стручно образование и обука („Службен весник на Република Македонија“ број 71/2006, 117/2008, 148/2009, 17/11, 24/13, 137/13, 41/14, 145/15, 55/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/19).

(2) Верификациите на работодавачите за спроведување на практична обука и верификациите на установите за постсредно образование спроведени согласно Законот за стручно образование и обука („Службен весник на Република Македонија“ број 71/2006, 117/2008, 148/2009, 17/11, 24/13, 137/13, 41/14, 145/15, 55/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/19), продолжуваат да важат до истекот на рокот определен во актот за верификација.

(3) Започнатите постапки за вработување и унапредување на вработените во Центарот за стручно образование и обука, до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе завршат како постапки за вработување и унапредување на вработените во Центарот за развој на стручно образование и обука, согласно овој закон.

Член 95

Со денот на влегувањето во сила на овој закон, престанува да важи Законот за стручно образование и обука („Службен весник на Република Македонија“ број 71/2006, 117/2008, 148/2009, 17/11, 24/13, 137/13, 41/14, 145/15, 55/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/19).

Член 96

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.